Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Број: 02-3974/13

Датум: 27.05.2025 година

Врз основа на член 11 и член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), а во врска со член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 259/24), а во врска со Интерен оглас за унапредување на административен службеник бр. 02/2025 објавен на 09.05.2025 година, Државниот секретар на Министерството за транспорт донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас 02/2025 за унапредување на административен службеник во Министерството за транспорт

1. Кандидатот **Билјана Мојсовска Милеска**, по пат на Интерен оглас број 02/2025 се избира за работно место **УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за управување со човечки ресурси, Одделение за управување со човечки ресурси - 1 (еден) извршител**
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 02/2025 со број 02-3974/12 од 26.05.2025 година.
3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување број 19-3419/2 од 04.04.2025 година од Министерство за финансии, Државниот секретар упати Барање со број 04-3635/1 од 06.05.2025 година за отпочнување на постапка за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за транспорт. На ден 09.05.2025 година на веб страната на Министерството за транспорт и на веб страната на Агенција за администрација беше објавен Интерен оглас 02/2025 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за транспорт.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административните службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Државниот секретар со Решение со број 02-3974/1 од 20.05.2025 година , направи административна селекција на

пријавените кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за транспорт за што состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 02/2025 за унапредување на административен службеник со број 02-3974/10 од 26.05.2025 година.

Согласно Записникот од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија Б со број 02-3974/11 од 26.05.2025 година, Комисијата изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2025 со број 02-3974/12 од 26.05.2025 година.

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**СТЕФАН ВОЛКАНОВСКИ**

Доставено до:
- Именуваната:
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Мартина Митева
Проверил: Огнен Ристовски